Настојувавме да осигуриме употребливост и достапност. Ако имате проблем со достапноста, ве молиме стапете во контакт со engagement@ndiscommission.gov.au.

# SAFEGuard
Quarterly Newsletter

**Број 5: Лето 2021 година**

## Весник за луѓето со онеспособеност, нивните пријатели, роднини, застапници и заедницата.

*Ве молиме споделете го овој весник со луѓето со онеспособеност во вашата мрежа – на пример, ако сте давател на услуги од Програмата NDIS или работник што дава поддршка на лице со онеспособеност, или пак застапник, старател, пријател или роднина на лице со онеспособеност.*

## Меѓународен ден на луѓето со онеспособеност

Секој декември низ целиот свет се одбележува Меѓународниот ден на луѓето со онеспособеност, кога се слават придонесите и постигнувањата на луѓето со онеспособеност и се зголемуваат свесноста, разбирањето и прифаќањето.

Темата на овогодишната прослава е „Предводништвото и учеството на луѓето со онеспособености во создавањето на сеопфатен, достапен и одржлив свет по заразата со КОВИД-19“.

Комисијата на Националната програма за осигурување при онеспособеност (NDIS Commission) работи на тоа да осигури дека учесниците во Програмата NDIS добиваат безбедни и квалитетни поддршки и услуги од квалификувани даватели на услуги без оглед на тоа во кој дел на Австралија живеат. Придонесот и предводништвото на луѓето со онеспособеност се од основна важност за таа работа.

Соработуваме со луѓето со онеспособеност во врска со сè што правиме, а нашите искуства и согледувања служат како основа врз која ги изработуваме нашите правила и процедури и која ги поттикнува нашите напори постојано да се подобруваме. Ние постоиме за да ги подобруваме здравјето и безбедноста на луѓето со онеспособеност користејќи ги сите алатки предвидени со Законот и со Правилниците на Програмата NDIS за да ги подучуваме и законски да ги обврзуваме давателите на услуги да

постапуваат на соодветен начин. Нашиот Правилник за однесување (Code of Conduct) и сите наши стандарди се напишани врз основа на искуствата на луѓето со онеспособеност.

Без оглед на тоа дали сте поднеле поплака во врска со некоја поддршка или услуга што ја добивате од некој давател на услуги, или пак учествувате во нашите активности за заедничко осмислување и работење – вашите искуства и гледишта го обликуваат начинот на кој ние законски ги условуваме давателите на услуги, како и за кои работи комуницираме и какви информативни материјали изработуваме за луѓето со онеспособеност и за давателите на услуги што им даваат поддршка.

Од вашите повратни информации и искуства знаеме дека пандемијата на вирусот КОВИД-19 претставува особено голема тешкотија за многубројни луѓе со онеспособеност. Во текот на овој период ние одговаравме и продолжуваме да одговараме на вашите повратни информации во врска со тие тешкотии. Водиме сметка за тоа регистрираните даватели на услуги од Програмата NDIS да бидат свесни за своите тековни обврски во однос на безбедноста и постојаноста на поддршките што ви ги даваат и во однос на својата улога да ви даваат поддршка да се вакцинирате против КОВИД-19. Исто така постојано работиме и на тоа да осигуриме дека ги имате информациите што ви се потребни за да носите одлуки што се најдобри за вас.

Со овие и со многу други акции, ние продолжуваме да работиме со луѓето со онеспособеност за да го подучуваме и поткрепуваме секторот за онеспособеност, за да помогнеме да се осигури дека сите учесници во Програмата NDIS имаат пристап до безбедни и квалитетни услуги и поддршки со кои се поттикнуваат изборот, контролата и достоинството.

Им благодариме на сите што придонесуваат во оваа многу важна работа и очекуваме и натаму да ни ги кажувате своите мислења.

## Промени во Законот за Програмата NDIS

Неодамнешните промени во законите за Програмата NDIS ќе помогнат да се спречи нанесувањето штети на луѓето со онеспособеност што се најизложени на опасност, преку подобрените начини за споделување на информациите.

*Законот за Националната програма за осигурување при онеспособеност од 2013 г. (National Disability Insurance Scheme Act 2013)* е законот со кој е формирана Комисијата на Програмата NDIS и со кој се утврдени нашите основни задачи и рамки за работа.

На 21 октомври 2021 г., Австралискиот парламент го усвои *Нацрт-законот за подобрување на Националната програма за осигурување при онеспособеност (Подобрување на поддршките за учесниците што се изложени на опасност) од 2021 г. (National Disability Insurance Scheme Amendment (Improving Supports for At Risk Participants) Bill 2021)*.

Со Нацрт-законот се воведуваат неколку измени во *Законот за Националната програма за осигурување при онеспособеност од 2013 г.* Со Нацрт-законот се применуваат измени за да се подобри сегашната заштита за учесниците во Програмата NDIS, вклучувајќи и некои од препораките што ги даде независната ревизија на околностите што доведоа до трагичната смрт на Ан-Мари Смит (Ревизија на Робертсон). Нацрт-законот стапи на сила на 29 октомври.

Главните промени вклучуваат:

- проширување на овластувањата што ги има Началникот на Комисијата на Програмата NDIS (NDIS Commissioner) при надгледувањето и спроведувањето на законските одредби
- појаснување на законските одредби за регистрирање на давателите на услуги
- овозможување да се споделуваат информации за давателите на услуги и за нивните работници меѓу Националната агенција за осигурување при онеспособеност (NDIA) и Комисијата на Програмата NDIS
- овозможување на надлежните органи во државите и териториите да им се откриваат заштитените информации што ги има Комисијата на Програмата NDIS.

## Кажете го своето мислење во врска со плановите за изедначување на законодавството

Во овој период се врши изедначување на законодавството со цел да се подобрат квалитетот и безбедноста за учесниците и корисниците на поддршка при онеспособеност, на нега за постари лица и на нега за воени ветерани.

Изедначувањето на законодавството исто така ќе ја сведе на најмала можна мера обврската на давателите на услугите двапати да работат иста работа и ќе им олесни на работниците без проблем да даваат различни видови на нега.

Ги поттикнуваме давателите на услуги и работниците од Програмата NDIS, како и учесниците во Програмата NDIS и нивните семејства да го кажат своето мислење при советувањето со јавноста што треба да се одржи во декември.

Ако сакате да добиете повеќе информации или да добиете пристап до документот за кој ќе има советување, вклучувајќи го и пристапот до тој документ во форма што е лесна за читање (Easy Read), посетете го health.gov.au. За да се пријавите за учество во советувањето, посетете го Киоскот за советување (Consultation Hub) на Одделот за здравство.

Овој реформски проект е еден од неколкуте што се спроведуваат во секторите за нега и поддршка, вклучувајќи ја и Програмата NDIS. За повеќе информации за споменатите реформи во Програмата NDIS, посетете го нашето место на интернет

## Правилник за однесување на Програмата NDIS – Почитување на приватноста на луѓето со онеспособеност

Секој број од весникот SAFEGuard се сосредоточува на еден дел од Правилникот за однесување на Програмата NDIS (NDIS Code of Conduct), кој претставува збир од правила во

врска со тоа како треба да се однесуваат вашите даватели на услуги и работниците кога ви даваат поддршка и кои работи треба да ги прават за да осигурат дека сте безбедни.

Во овој број на весникот се сосредоточуваме на второто правило, кое гласи дека вашите даватели на услуги и работниците мора **да ја почитуваат приватноста на луѓето со онеспособеност.**

Приватноста претставува човеково право. Правата што произлегуваат од приватноста се утврдени со Сојузниот закон за приватност од 1988 г. (Commonwealth Privacy Act 1988) и со законите за приватност на државите и на териториите.

Имате право на приватност и работниците се должни да ја почитуваат и чуваат приватноста на сите луѓе што се опфатени со давањето поддршки и услуги од Програмата NDIS.

Тука спаѓаат приватноста во однос на прибирањето, користењето и откривањето на лични информации како што се вашето име и презиме, адреса, датум на раѓање и поединостите за вашето здравје или онеспособеност. Кога ги прибираат вашите лични информации, работниците треба да ви објаснат:

- каков вид лични информации прибираат и чуваат, вклучувајќи и снимен звучен или видео материјал
- зошто се чуваат тие информации
- кој ќе има пристап до тие информации
- како ќе осигурат дека информациите се безбедни
- како ќе се користат тие информации
- како да ги видите и да ги поправите информациите што се чуваат за вас
- како да поднесете поплака ако мислите дека вашиот давател на услуги од Програмата NDIS ги прекршил своите обврски за заштита на приватноста.

Во некои случаи постојат правни обврски поради кои некој работник или давател на услуги можеби ќе мора да ги сподели вашите лични информации. Тука би можеле да спаѓаат обврските за задолжително пријавување кога станува збор за заштита на деца, и обврските да се пријавуваат случаи на насилство, искористување, запоставување и злоупотребување, како и на несоодветно сексуално поведение до Комисијата на Програмата NDIS и до полицијата.

Важно е да знаете дека почитувањето на приватноста претставува многу повеќе од грижлив однос при ракувањето со личните информации. Тоа значи дека услугите треба да се даваат на начин што ќе го чува вашето лично достоинство. Тоа опфаќа:

- чување на доверливоста на вашите лични информации
- објаснување и барање дозвола да се извршат процедури кои вклучуваат физички допир или навлегување во личниот простор
- навремено давање на услугите со кои се спречуваат непријатноста и неудобноста, како што се паузи за одење во клозет или менување на пелените за возрасни
- водење сметка за секојдневните потреби од приватност како што се можноста за туширање и облекување во приватен и удобен простор.

Ако мислите дека некој не ги почитува овие правила, може да поднесете поплака до нас.

## Вакцинирање против вирусот КОВИД-19

Ако се вакцинирате, тоа може да помогне да ги заштитите своето здравје и здравјето на луѓето околу вас. Сите учесници во Програмата NDIS на возраст од 12 или повеќе години ги исполнуваат условите да бидат вакцинирани против КОВИД-19.

Нашиот вршител на должноста Началник објави изјава на нашето место на интернет во која се истакнува правото на луѓето со онеспособеност сами да одлучуваат во врска со вакцината против КОВИД-19, како и улогата што ја имаат давателите на услуги и работниците од Програмата NDIS да им дадат поддршка на учесниците во Програмата NDIS да се вакцинираат.

Сите даватели на услуги и работници од Програмата NDIS исто така силно се поттикнуваат да се вакцинираат. Имате право да побарате со вас да работат работници што се вакцинирани, ако изберете така.

Може да разговарате со вашиот давател на услуги од Програмата NDIS за вашето вакцинирање, или пак да ги замолите да ви помогнат да закажете термин за вакцинирање или да отидете на вакцинирање.

Исто така може да разговарате и со вашиот општ лекар или со друг лекар за тоа да се вакцинирате, може да го посетите и Пребарувачот на амбуланти што вакцинираат против КОВИД-19 на Одделот за здравство (Department of Health’s COVID-19 Vaccine Clinic Finder) или да се јавите на Националната дежурна телефонска линија за информации во врска со вирусот корона и со вакцинирањето против КОВИД-19 (National Coronavirus and COVID-19 Vaccination Helpline) на 1800 020 080.

**Ако ви е потребна помош за да закажете термин за вакцинирање против КОВИД-19 или ако ви требаат бесплатни, проверени информации и совети во врска со КОВИД-19, посетете го местото на интернет Disability Gateway или телефонирајте на 1800 643 787. Во телефонската служба Disability Gateway може да се јавите од понеделник до петок, од 8 часот претпладне до 8 часот попладне по австралиско источно летно време (AEDT).**

Луѓето на кои им требаат информации на јазик што не е англиски може да се јават во Преведувачката служба (Translating and Interpreting Service) на 131 450 и да побараат да бидат поврзани со телефонската служба Disability Gateway.

Луѓето кои се глуви или имаат оштетен слух или говор, може да се јават во Националната служба за поврзување на 1800 555 677 и да побараат да бидат поврзани со телефонската служба Disability Gateway.

Повеќе информации за вакцинирањето исто така може да се добијат и од местото на интернет на Одделот за здравство, вклучувајќи информативни материјали печатени во форма што е лесна за читање Easy Read и на јазикот на глувите Auslan.

# Како да добиете доказ дека сте вакцинирани против КОВИД-19

Може да ви затреба доказ дека сте примиле вакцина против КОВИД-19. Може да добиете дигитално уверение за вакцинирање против КОВИД-19 или извод од вашиот вакцинален картон за да покажете доказ дека сте вакцинирани.

На местото на интернет на Services Australia има низа разновидни информации што ќе ви помогнат да отворите свој налог на интернет и да го чувате таму вашиот доказ дека сте вакцинирани.

Исто така може да се јавите и во Австралискиот регистар за вакцинации (Australian Immunisation Register) на **1800 653 809** и да побарате да ви пратат извод од вашиот вакцинален картон или дигитално уверение дека сте вакцинирани против КОВИД-19. Може да минат до 14 дена додека да ви стигне вашиот извод или уверение по пошта.

Исто така може да го замолите и вашиот давател на услуги од Програмата NDIS да ви помогне да добиете доказ дека сте вакцинирани.

# Како да стапите во контакт со Комисијата на Програмата NDIS

Може да ни телефонирате на 1800 035 544. Тој телефонски повик е бесплатен ако се јавувате од фиксен телефон. Нашиот контактен центар е отворен од 9.00 часот претпладне до 5.00 часот попладне (од 9.00 часот претпладне до 4.30 часот попладне во Северната Територија), од понеделник до петок, со исклучок на државните празници.

Или пак може да пратите електронска порака до contactcentre@ndiscommission.gov.au

## Како може да поднесете поплака

Ако сакате да поднесете поплака до нас, може:

- **да телефонирате**: 1800 035 544 (повикот е бесплатен од фиксни телефони) или, за луѓе што користат машина за пишување по телефон (TTY), 133 677. Може да се договори помош од преведувач.
- **да се јавите во** Националната служба за поврзување (National Relay Service) и да го побарате бројот 1800 035 544.
- **да пополните** формулар за поднесување поплака (complaint contact form) на интернет

## Следете нè

**LinkedIn**: www.linkedin.com/company/ndiscommisson

**Facebook:** www.facebook.com/NDISCommission

## Регистрирајте се за да го добивате овој весник

Ако некој ви ја препратил оваа електронска порака, а вие претпочитате во иднина да ви го праќаме весникот директно вам, може да се регистрирате така што ќе го пополните формуларот за регистрирање (subscription form).